**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Почитувани,

Министерството за финансии, со седиште на ул: „Даме Груев“, бр.14 - Скопје, интернет адреса: www.finance.gov.mk, има потреба од јавна набавка на услуга – одржување на информатичка опрема и мрежна ифраструктура.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за доделување на договор за јавна набавка на услуга со претходно објавување на оглас која треба да заврши со електронска аукција, во согласност со член 100, став 1, алинеја 2 и член 121, став 1, алинеја 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/2007, 130/2008, 97/2010 и 53/2011), за што објави оглас број 06-1/2011.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до 18.1.2012 година, до 12:00 часот директно во писарницата на Министерството за финансии која се наоѓа на ул.„Мито Хаџи-Василев Јасмин“ бб. (во зградата на поранешна „Нова Македонија“) или по пошта на ул.„Даме Груев“ бр.14.

Заинтересираните економски оператори можат да ја подигнат тендерската документација преку ЕСЈН достапен преку веб страницата: https://www.e-nabavki.gov.mk.

Тендерската документација може да се земе без надоместок.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Лице за контакт во врска со предметот на набавката е Александар Ринџов, телефон за контакт: 3106-478, електронска адреса: aleksandar.rindzov@finance.gov.mk.

Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат на електронската адреса на лицето за контакт. Сите одговори на поставените прашања или дадените појаснувања, без да се идентификува економскиот оператор што поставил прашање или побарал појаснување, ќе бидат доставени на сите економски оператори што подигнале тендерска документација.

За евентуалните измени на тендерската документација ќе бидат известени сите економски оператори кои подигнале тендерска документација.

Јавното отворање на понудите, во присуство на понудувачите, ќе се изврши на 18.1.2012 година, во 12:00 часот, во просториите на Министерството за финансии (зградата на поранешна „Нова Македонија“), ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин“ - бб, Скопје, во салата за состаноци на први кат.

При спроведувањето на постапката со барање за прибирање понуди, како последна фаза во постапката ќе се користи електронска аукција согласно со член 121 од Законот за јавните набавки.

Комисијата за јавни набавки кај договорниот орган ќе изврши целосна евалуација на способноста и на првичните понуди на понудувачите согласно со условите и критериумите наведени во тендерската документација. По првичната евалуација на понудите се генерира ранг листа на прифатливи понудувачи кои договорниот орган ќе ги покани да учествуват во електронската аукција.

Однапред благодариме на соработката.

Во Скопје,
30.12.2011 година

Комисија за јавни набавки
Претседател,
Тахир Шакири,